*Република Северна Македонија*
*МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА*
*Бр.*
*____________2019 година*
*Скопје*

Врз основа на **член 77** од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 01-2531/1 од 14.05. 2019 година, **по овластување на министерот за правда заменик Министерот за правда Оливер Ристовски** ја донесе следната:

## ОДЛУКА
### за јавна набавка

1.За потребите на Министерство за правда, потребно е да се спроведе постапка – поедноставена отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка на стоки и тоа: Набавка на гориво за службени возилана Министерство за правда на бензиски станици со безготовинско плаќање за период од една година.

1.1.Предмет (вид) на набавка: Набавка на гориво за службени возилана Министерство за правда на бензиски станици со безготовинско плаќање за период од една година.

1.2. Предметот на набавка е неделив.
Предметот на набавката е неделлив бидејќи за стоки од ист вид не е целисходно постапката да биде деллива, со оглед на тоа што стоките кои се предмет на набавка може да ги понуди еден ист економски оператор.

2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во **вкупен износ од** 1.200.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 216.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 1.416.000,00 денари

Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерство за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 421 –Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година.

Digitally signed by
Oliver Ristovski
Date: 2019.07.10
10:10:11 CEST

3. *Начин и постапка за доделување на договорза јавна набавка*

*Постапката да се спроведе согласно **член 49**, од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19), односно со спроведување на **поедноставена отворена постапка**, за доделување на договор за јавна набавка на стоки со објавување на оглас со користење на електронски средства преку ЕСЈН, која завршува со електронска аукција како последна фаза.*

4. *Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно **член 99 економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена понудена по спроведена електронска аукција преку ЕСЈН**.*

5. *Плаќањето ќе биде вирмански, во рок до 30 дена од доставувањето на месечна фактура.*

6. *Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на стоки.*
7. *За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира комисија за јавна набавка во состав:*

| |
|---|
| 1. *Петар Мирковиќ - **претседател на комисија за јавни набавки*** |
| 2. *Суад Шакиров –**член на комисија за јавни набавки*** |
| 3. *Насер Ќамили – **член на комисија за јавни набавки*** |

| |
|---|
| 4. *Никола Бабановски - **заменик претседател на комисија за јавни набавки*** |
| 5. *Орхан Сулимани – заменик член на комисија за јавни набавки* |
| 6. *Берат Мехмеди – заменик член на комисија за јавни набавки* |

8. *Се задолжува комисијата од точка 7 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од **член 79** од Законот за јавните набавки.*
9. *За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавни набавки.*
10. *Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.*

## *ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

*Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-692/1 од 28.01.2019 година и Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 01-2531/1 од 14.05. 2019 година на Министерство за правда потребно е да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на стоки. Предмет на набавка е Набавка на гориво за службени возилана Министерство за правда на бензиски станици со безготовинско плаќање за период од една година, кој предмет на набавка не е делив. Предметот на набавката е неделлив бидејќи за стоки од ист вид не е целисходно постапката да биде деллива, со оглед на тоа што стоките кои се предмет на набавка може да ги понуди еден ист економски оператор.*

*За реализација на оваа набавка ќе се употребат средства во **вкупен износ од 1.200.000,00 ден** без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 216.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 1.416.000,00 денари.*

*Согласно на горенаведеното донесов одлука како во диспозитивот.*

*Доставено до:*
*- Комисија за јавни набавки*
*- Сектор за финансиски прашања*

*МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА*

*По овластување на Министер за правда*
*Заменик Министер*
*Оливер Ристовски*

*Подготвил: Марина Миновска, Советник*
*Контролирал: Маја Стефковска Панева, Раководител на одделение*